# БИЛТЕН

## УАКС Институт за Претприемништво и Лидерски развој Скопје

**УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ, СКОПЈЕ**

Трета Македонска Бригада, бр. 60

# Б И Л Т Е Н

## НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ, СКОПЈЕ

**Бр. 2**

**Скопје, 10.10.2016 година**

**Издание на УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој, Скопје**

Главен и одговорен уредник:
*Д-р Марина Андева*

Печати:
*УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој, Скопје*

Тираж:
*20 Примероци*

# БИЛТЕН Бр. 02

**Р Е Ф Е Р А Т**
**за избор на истражувач од**
**научна област менаџмент во сите научни и соработнички звања на**
**Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје**

Со одлука број 02-44/3 од 26.09.2016 година на Советот на Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје, определени сме за рецензентска комисија за избор на асистент истражувачи во научната област менаџмент.

Во врска со тоа, а по проучување на соодветната документација, го поднесуваме следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања од научна област менаџмент, објавен на 01.09.2016 година во весникот „Утрински весник“ се пријавија следните кандидати: м-р Македонка Димитрова.

Заедно со пријавата, кандидатот достави:
- Нострифицирана диплома за завршено соодветно образование;
- Кратка биографија;
- Потврда за познавање на англиски јазик;
- Извод од матична книга на родени;
- Листа од научни трудови објавени во публикации;
- Уверение за државјанство;
- Копија од диплома за втор циклус студии;
- Потврда за запишани докторски студии.

## I. Биографски податоци

**М-р Македонка Димитрова** (1974), средно образование посетувала во гимназиите „Никола Карев“ и „Јосип Броз Тито” во Скопје. Во 1993 година се запишала на Филолошкиот Факултет- Катедра за турски јазик и книжевност со англиски јазик и книжевност при универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. По едногодишниот престој на школата за странци при Анкарскиот универзитет во Измир се стекнува со Диплома од истиот. Паралелно со студиите во Скопје, во 1996 г. започнува со редовен работен ангажман во меѓународни корпорации. Дипломските студии ги завршува во 2000 година. Работи на позиции кои се поврзани со развој на економијата и унапредување на менаџментот, а во јануари 2004 се запишува на магистерски студии на University of Pittsburgh, Pennsylvania, САД со цел академски да го заокружи стекнатото деловно искуство, а во 2005 магистрира на Graduate School of Public and International Affairs. Кандидатката во јануари 2012 г. почна да следи докторски студии во рамки на Regional Joint Doctoral Programme in Entrepreneurship and SME Management for Western Balkan Countries (DOCSMES) на Економскиот факултет

во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Битола и Универзитетот Болоња од Италија.

- **Работно искуство**

Од 2013 година Македонка Димитрова е во редовен работен однос на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој како помлад истражувач. Во овој период таа активно придонела за унапредување на истражувачката дејност во рамки на институтот. Таа се јавува како главен истражувач во проект на програмата ФП7, Мапирање на социјални иновации во Македонија, спроведуван од 2014-2016 година. Понатаму, во 2015 година во соработка со Техничкиот факултет Бор, Белградски Универзитет го спроведуваше во Македонија истражувачкиот проект Environmental awareness as a universal European Value, како дополна кон Вишеградкиот фонд за поддршка на истражувачки проекти. Исто така, во насока на зголемување на претприемништвото, успева да ја вклучи Македонија во светски распространетото истражување, GUESSS (Global University Entrepreneurial Spirit Student Survey) во соработка со Универзитетот Св. Гален од Швајцарија во 2016-17 година. Истражувачките активности спроведувани во изминатите две години беа добра основа за публикување на два труда во меѓународни публикации со импакт фактор.

Таа, исто така, се занимава со воведување на нови дидактички методи во наставата како што се деловни симулации и студии на случај по пример и во соработка со Бизнис школата на Универзитетот Харвард. Имено, учествувала како главен предавач на меѓународни летни школи за магистранти финансисрани преку ДААД, германската агенција за академска соработка на тема Иновациски менаџмент и социјално претприемништво во август (Македонија) и октомври(Србија) 2016 г.

До 2013 година, Димитрова била во редовен работен однос на Универзитетот Американ Колеџ Скопје како асистент по група предмети од областа на менаџементот. Таа, исто така, е претставник на УАКС во мрежата на универзитети насочени кон претприемништо и иновации РЕШИЦА, преку која во изминатите три години повеќе од 25 студенти посетувале летни школи на странски универзитети, а остварени се и неколку ангажмани на визитинг професори од Словенија. Во мај 2013, таа организирање Меѓународна летна школа за социјално претприемништво за 24 студенти со колеги од германски високобразовни установи во Охрид, поддржана од Германскиот академски сервис. Таа активно учествува во градење на претпримачка култура во земјата, меѓудругото член е на панелот експерти за развој на Стратегијата за претприемачко учење и членува во работните групи на Националниот совет за претприемништво и конкурентност. Во 2011 година, во нејзина организација беше и Летната Академија на мрежата Решица во Скопје. Во рамки на посетите таа организираше и јавни тркалезни маси на тема „Како до унапредување на претприемачкиот дух во Македонија на основа на примери од странство“(2011) и „Успешно наследување на семејни бизниси“ (2012).

Во рамки на работата на мрежата таа го претставува УАКС во подготовка на заеднички последипломски студии по Претприемништво, проектен поднесок за финасирање до Еразмус Мундус во 2014 г.
Димитрова, активно учествува со повеќе научно – истражувачки проекти на Универзитетот.
Димитрова во соработка со др. Илијана Петровска, развива практичен пример за претприемачката фирма fx3x од Македонија, кој ќе се најде помеѓу десетина слични примери наменети за студентите во рамки на меѓународниот проект на ЕФЕР „ Нови европски шампиони“ во 2013 г.
Димитрова, беше национален истражувач, на регионалниот Проект на ЕУ за зголемување на енергетската ефикасност во секторот зградарство од 2010 - 2012 година. Таа предложи финансиски механизми за финансиските институции кои ќе им помогнат на граѓаните за полесен пристап до средства за енергетски ефикасни активности како во домаќинствата така и во комерцијалниот сектор.
Димитрова, учествувала во тимот на експерти, кои работеа на развој на Националниот акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија, како и Акционио план за одржлива енергија на Град Скопје во сегментот на финансирање на предлог мерките и расположливоста на средства за ваков тип на активности.
Таа експертски работеше како во делот на маркетинг и промоција на Програмата на ЕУ/ЕБОР за финансирање на проекти од енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија и Оперативната програма за регионален развој на република Македонија.
Претходно таа работела во здружението на граѓани - Центар за енергетска ефикасност на Македонија-МАЦЕФ како генерален секретар. За 3 години успева да развие повеќе од 20-тина предлог проекти од кои 12 добиле финансиска поддршка од владата и донаторската заедница. Успешно раководела со 7 завршени проекти со вкупен буџет од над 150.000 евра. Специјалност и се подготовка на буџети за проекти како и развој на стратешки комуникациски кампањи. Редовно држела предавања за Деловна коресподенција, Успешно преговарање, Развој на проекти, Техники за презентирање и Проектен менаџмент за невладини организации во делокругот на МАЦЕФ. Се занимава со издаваштво и тоа, таа е заменик одговорен уредник на ИнфоМАЦЕФ, електронско месечно гласило за енергетика со изминати 111 изданија, а редовно врши насочени истражувања и ги публикува во локални и европски професионални ревии, приготвува прирачници, брошури и книги за вршење образовна дејност во претшколска возраст и основното образование. Работела како регионален консултант за маркетинг и односи со јавност на Проект на УСАИД за промоција на енергетската ефикасност во Македонија, Босна и Романија.
Во 2006/07 го развива и менаџира Официјалниот портал на винска индустрија во Р. Македонија приготвувајќи стратешки комерцијален развој на порталот. Посредува за извоз на вина во Србија, Шведска и Русија.

Од 2002/2006 работи како асистент подоцна директор за комукации во Booz Allen Hamilton Inc. на Проект на УСАИД за конкурентност на Македонија, и тоа на Развој и имплементација на Стратешки комуникациски планови, брендирање и буџетирање како и подготовки за работењето на Националниот совет за претприемништво и конкурентност, индустриите/кластерите за вино, туризам, јагнешко месо и сирење, дигитални медиуми, текстил, формирани во рамки на проектот. Работи на подигање на свеста за конкурентност, маркетинг, брендинг и односи со јавност кај деловните чинители во земјата преку специјализирани обуки и работилници.
Во 2001/02 работи како секретар на Резидентната канцеларија на Европска банка за обнова и развој во Скопје. Особено се насочува на осовременување на локалното проектно портфолио како и подготовка на статистички извештаи за потребите на Статегијата за Македонија на ЕБОР во софтверите на Банката. Работела на одговорни и раководни позиции за американските Rexel Inc. од Хјустон, меѓународна мултикорпорација во 2000/01 и The Rendon Groups Inc. консултантска куќа за стратешки комуникации, од Вашингтон во 1999/00.

- **Области на истражување**

  Кандидатот е ориентиран кон следните области на истражување: претприемачки намери, развој на мали бизниси, семејни бизниси, социјално прептриемништво, наследување во семејни бизниси; општествена одговорност кај претпријатијата; финансирање енергетска ефикасност кај домаќинствата и во индустријата

- **Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

М-р Македонка Димитрова има објавено повеќе научни трудови на меѓународни научни конференции, како и учество на повеќе работилници и семинари:

- Jovanovic, F., Milijic, N., Dimtrova, M. & Mihajlovic, I. Risk Management Impact Assessment on the Success of Strategic Investment Projects: Benchmarking Among Different Sector Companies, Acta Polytechnica Hungarica, Journal of Applied Sciences Hungary, 2016.

- Tomovska Misoska, A. Dimitrova, M. Mrsik, J. Drivers of entrepreneurial intentions among business students in Macedonia. Economic Research-Ekonomska Istraživanja, 29(1), 2016

- Mihaljović, I, Milijić, N., Dimitrova, M. & Jovanović, F. Risk Management Impact on the Quality of Strategic Investment Projects in South East Europe, 17th International Symposium on Quality, ISBN 978-953-8067-03-7, Zagreb, 2016, p.517.

- Трипартитно истражување на претприемачките намери на факултетите за економија во Македонија со УКИМ и УЈИЕ, март 2013 – 2015

- Peter Schulte, Dragana Živković, Michael Graef, Jaka Vadnjal, Gelu Trisca, Ivan Mihajlović, Daniel Pavlov, Vasilika Kume, Živan Živković, Makedonka Dimitrova, Dževad Zečić, Jasmin Halebićiand Adrian Tantau, RESITA NETWORK - ACADEMIC ENTREPRENEURSHIP AND INNOVATION NETWORK OF SOUTH EASTERN EUROPEAN UNIVERSITIES:AN EXAMPLE OF SUCCESSFUL NETWORKING IN ENTREPRENEURSHIP AND INNOVATION AT ACADEMIC LEVEL. Serbian Journal of Management. *8 (1) (2013) 117 – 130, 20 Feb 2013*
- Petrovska I., Hristova S. and Dimitrova M. (2013) International accreditations benefits for internationalization of education, abstract published and paper presented as a KEY NOTE speaker at the International Conference for Internationalization in Education in Prague, Czech, 25th and 26th of April 2013
- Comparative analysis of the Macedonian and European Social Entrepreurship Policy and Practices „What WE do for SMEs?" SME conference, The Foundation BSC Bitola. November 2012. (Moderated the Panel on Social Entrepreneurship)
- ЕУБилд Енергетска Ефикасност „Водич: Препораки за финансиска поддршка за ЕЕ во згради – перспективи", Недела на енергетика, меѓународна конференција, 30ти ноември 2012
- Expose on Individual Experience of Scholarship Holders on Networks and Carriers in RESITA Net of Entrepreneurship and Innovations, DAAD Regional Conference, Academic Cooperation in South Eastern Europe, Dynamics and Aim in the Light of Scientific and Political Changes, 5-7 Oct 2012, Tirana, Albania
- Главен помошен уредник – ИнфоМАЦЕФ, месечно стручно информативно и научно списание он областа на енергетиката ( 2007 – во тек)
- Petrovska I. & Dimitrova M, (2012) Financing Energy Efficiency: Awareness, Knowledge and Projects at Macedonian Commercial Banks, presentation at EU Sustainable Energy week, EUBuild Energy Efficiency Brussels meeting in Best Practices in Balkan countries and Turkey and EU on Financing EE in Buildings, Брисел, 18- 22 јуни 2012
- Macedonia National Report – Financing Energy Efficiency in Buildings (National Researcher), presented in June 2012 at Energy Week Brussels, Belgium
- Dimitrova M. & Vadnjal J. Should I Become Entrepreneur or an Employee: Dilemmas of Students in Europe?. Seventh Annual International Conference on European Integration, UACS, 2012
- Petrovska I. & Dimitrova M (2012) An exploratory study of the Macedonian banks awareness and preparation to offer financial tools to

support energy efficiency: a work in progress for meeting 2020 energy efficiency European agenda, presented at Strategic management Conference at Bor, мај 2012

- Corporate Governance and Small & Medium Businesses (Корпоративно управување во мали и средни претпријатија), Бундалеска, Димитрова, Николовска. Зборник на трудови од 4та меѓународна конференција "Business Development 2011", ISSN 1840-4006, на Економски факултет при Универзитетот во Зеница, Ноември, 2011
- The Business Case for Corporate Social Responsibility in Education. Elena Bundaleska, Makedonka Dimitrova. 5th Annual International Conference on Business and Society in a Global Economy, December 2011
- Green Economics: Young generations to help achieve future sustainability of Europe. Makedonka Dimitrova, Ilijana Petrovska, Marjan Bojadziev. Conference Proceedings from 6th International Conference "Constructing Europe as a Global Power: from market to an identity?", Skopje, Macedonia, May, 2011
- Акциски план за одржлив енергетски развој на град Скопје, Поглавие 10, стр. 124 – 140. Македонка Димитрова. GIZ – Building Capacities for energy management in Zagreb, Podgorica, Saraevo and Skopje/2011
- Energy Efficiency workshop and Summit, presentation "Marketing communications for Energy efficiency buildings financing opportunities" Istanbul, Turkey, 22 – 23 ноември 2011
- Модератор на Недела на енергетска ефикасност во Собрание на град Скопје, 19 октомври 2011
- Dimitrova, M., Petrovska, I. and Bojadziev, M. (2011) Green Economics: Young generations to help achieve future sustainability of Europe, *The Sixth Annual International Conference on European Integration titled Constructing Europe as a Global Power: From Market to Identity?,* Skopje 19 May 2011, p. 161 – 176 Тренинг програма за енергетска ефикасност на единиците на локалната самоуправа, Поглавие 11 -16, Македонка Димитрова. Министерство за животна средина и просторно планирање/ 2010.
-

- **Дополнителни усовршувања**

Кандидатот м-р Македонка Димитрова постојано вложува во својот професионален развој. Како дополнителни усовршувања можеме да ги издвоиме следните:

- Студиски престој и мобилност на професорски кадар на Универзитет во Тирана, Албанија, јуни 2016
- Студиски престој и мобилност на професорски кадар на ГЕА Колеџ во Словенија, мај 2016
- Студиски престој и мобилност на професорски кадар на Универзитет Вормс, декември 2015

- Студиски престој и мобилност на професорски кадар на Белградскиот Универзитет, ноември 2015
- Студиски престој и мобилност на професорски кадар на Тиранскиот Универзитет, јуни 2016
- Студиски престој на Универзитетот Бологна, Школа за економија, менаџмент и статистика, мај/јуни 2013
- Организирање на Меѓународна летна школа за Социјално преппримемништво за последипломци во Македонија, финансирана од ДААД со професори од Германија. Мај 2013
- RESITA Network, Case Writing seminar and workshop for joint Master course development, 31 Jan – 3 Feb 2013
- Leadership seminar на УАКС, 2013 година
- Кус истражувачки престој во Берлин, Германија во мај 2012 за работа на истражувачки проект ЕЕ во згради
- Март, 2011 Конференција How to Predict the Success of Every Organization / D-r Isak Adizes / Скопје / Македонија
- *October, 2010* Scientific Conference on: Knowledge Management and Criteria for the Development of the Regions / RUSE University / Ruse, Bulgaria
- *July 2010* European Entrepreneurship Colloquium /IESE. Barcelona, Spain

Кандидатот м-р Македонка Димитрова членува и волонтира во повеќе професионални тела. Како позначајни можеме да ги издвоиме:

- Здружение за подобро образование – од јануари 2013 година
- Амбасадор на Енерги глоуб за Македонија за 2013 година
- Национален совет за претприемништво и конкурентност – Комитет за МСП и занаетчии – 2012 -
- Лабораторија за социјални иновации (Хрватска), член на Одбор на советници – 2011
- Мрежа Решица – април 2010 -
- Член на организационен комитет на Меѓународна манифестација „Недела на енергетика“ – 2009 -
- EFER Alumni - од 2010
- Центар за енергетска ефикасност на Македонија-Генерален секретар – 2007 –

- **Вештини и знаење**
  - <u>Странски јазици</u>: англиски (одлично), српско-хрватски (одлично), турски (добро разбирање и пишување, просечно зборување)
  - <u>Наставно научни и презентациски вештини</u> во областите: мемаџмент, меѓународен менаџмент, претприемништво и мали бизниси, лидерство, проектен менаџмент, развој на тимски вештини, комуникациски вештини

- Возачка дозвола, работа со компјутер (MS Office – Word, Excel, Power Point), Corel Draw, Internet.
- Проектен менаџмент

- **Членство во професионални тела и волонтирање**:
  - Здружение за подобро образование – од јануари 2013 година
  - Амбасадор на Енерги глоуб за Македонија за 2013 година
  - Национален совет за претприемништво и конкурентност – Комитет за МСП и занаетчии – 2012 -
  - Лабораторија за социјални иновации (Хрватска), член на Одбор на советници – 2011
  - Мрежа Решица – април 2010 -
  - Член на организационен комитет на Меѓународна манифестација „Недела на енергетика“ – 2009 -
  - EFER Alumni - од 2010
  - Центар за енергетска ефикасност на Македонија- Генерален секретар – 2007 –

**ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научната активност на м-р Македонка Димитрова, омисијата констатира дека кандидатот м-р Македонка Димитрова поседува наставно и научно-истражувачко познавање и покажува постојан и прогресивен стручен и научен развој.

Научно-истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната поширока област и проблематика којашто се однесува на областа за којашто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна и стручна активност на кандидатот м-р Македонка Димитрова, Комисијата оценува дека кандидатот ги исполнува предвидените законски и други услови согласно конкурсот, и му предлага на Советот на Институтот за претприемништво и лидерски развој, м-р Македонка Димитрова да биде избрана за асистент истражувач од научна област менаџмент.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Марјан Бојаџиев,
2. Вон. Проф. д-р Миодрага Стефановска
3. Вон. Проф. д-р Илијана Петровска

**Р Е Ф Е Р А Т**
**за избор на истражувач од**
**научна област менаџмент и организациони науки во**
**сите научни и соработнички звања на**
**Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје**

Со одлука број 02-44/3 од 26.09.2016 година на Советот на Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје, определени сме за рецензентска комисија за избор на научен соработник во научната област менаџмент и организациони науки.

Во врска со тоа, а по проучување на соодветната документација, го поднесуваме следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања од научна област менаџмент и организациони науки, објавен на 01.09.2016 година во весникот „Утрински весник“ се пријавија следните кандидати: д-р Венера Крлиу Ханџиски и д-р Ѓоко Стаменков

Заедно со пријавата, кандидатот д-р Венера Крлиу Ханџиски има доставено:
- Нострифицирана диплома за завршено соодветно образование;
- Кратка биографија;
- Потврда за познавање на англиски јазик;
- Извод од матична книга на родени;
- Листа од научни трудови објавени во публикации;
- Уверение за државјанство;
- Копија од диплома за втор циклус студии;
- Копија од диплома за трет циклус студии.

Заедно со пријавата, кандидатот д-р Ѓоко Стаменков има доставено:
- Кратка биографија;
- Извод од матична книга на родени;
- Уверение за државјанство;
- Листа од научни трудови објавени во публикации;
- Копија од диплома за втор циклус студии;
- Потврда за запишани докторски студии.
- Копија од диплома за трет циклус студии.

**Д-р Венера Крлиу Ханџиски** (1983) со степен доктор на науки по социолошки и родови студии се стекнала на Универзитетот „Евро – Балкан“ – Скопје, Институт за општествени и хуманистички истражувања во 2014 година со одбрана на докторската теза на тема: „Работното место како мотиватор и

ефектите врз флуктуацијата на работната сила и ефикасноста во организациите – сличности и разлики помеѓу машкиот и женскиот пол“.

Кандидатот со степен магистер по бизнис администрација – насока менаџмент се стекнала на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Факултет за деловна економија и организациони науки во 2007 година, со одбрана на магистерскиот труд на тема: “How does the organizational culture shape the organization”.

Кандидатот има работно искуство на следните работни позиции: од 2005 година до денес работи како главен оперативен директор во Универзитетот Американ Колеџ Скопје, од 2006 до денес, кандидатот е ангажиран како асистент по предметот Организациско однесување.

Кандидатот ја извршува функцијата заменик претседател на Одборот на директори на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Во периодот од 2008 до 2012 година, д-р Венера Крлиу-Ханџиски е член на Македонската фондација за развој на мали и средни претпријатија.

Кандидатот има посетувано повеќе обуки и семинари и тоа: во 2015 година се стекнува со следните сертификати: обука на тема: „Производ или нешто повеќе“ во Скопје, Македонија, обука за Жени во бизнис – Лидерство и менаџмент во Скопје, Македонија, сертификат за European Entrepreneurship Colloquium во Минхен, Германија, во 2009 година се стекнува со сертификат за European Entrepreneurship Colloquium во Мастрихт, Холандија, и во 2008 година се стекнува со сертификат за програмата за млади менаџери организирана од Блед-школата за менаџмент, сертификат за учество на Mr. Brian Tracy Conference – “Strategies for Maximizing the Profit in the 21st Century”, ноември 2007 година, сертификат за учество на UNHCR – Refugee and Migrants development office, Женева 2001 – 2005, сертификат за учество на Corporate Social Responsibility Conference, Bruxelles, June 2007.

Д-р Венера Крлиу-Ханџиски има објавено повеќе научни трудови:

- *(2015) “Job Diagnostic Survey – Longitudinal Study on the Balkan Countries – Macedonia, Bulgaria and Kosovo”* – V. Krliu Handjiski; A. Tomovska Misoska; M. Stefanovska Petkovska; A. Krleska; I. Petrovska, Journal of Management Research, Vol. 7 (4), pp. 39-55, ISSN: 1941-899X
- *(2014) “Workspace as a factor of job satisfaction in the banking and ICT industries in Macedonia”* – A. Tomovska Misoska; M. Stefanovska Petkovska; M. Ralev; V. Krliu Handjiski, Serbian Journal of Management, 9 (2), pp. 159-171. DOI: 10.5937/sjm9-6347
- *(2013) “Creating a market oriented organizational structure as a key to overcoming the crisis”* – E. Kastratovic; M. Bojadziev; V. Krliu Handjiski, Conference procedings of the 8$^{th}$ Annual International Conference on European Integration – “Out of the Crisis: EU Economic and Social Policies Reconsidered”, pp. 377-396 University American College Skopje, ISBN: 978-608-4607-28-1
- *(2010) “Workplace as motivator – Comparative Study of Employees in Business and Public Administration in Macedonia and neighbouring countries”* – M. Bojadziev; N. Mojsoska Blazevski; D. Boshnjakovska; M.

Stefanovska; V. Krliu; J. Janakievska; V. Saracini, Conference proceedings of the 5th Annual International Conference on European Integration – *Europe after the Lisbon Treaty*, pp. 182-204, University American College Skopje, ISBN: 978-608-4607-04-5

- *(2009) "The Aspect of Human Resources Training and Development with Other Supporting Measurements Over the Total Sustainable Management*" – M. Bojadziev, V. Krliu, IV May Conference on Strategic Management, Kladovo 2009, ISBN: 978-86-80987-73-6
- *(2008) "Survey of Decision Making Practices of Macedonian Managers"* – M. Bojadziev; M. Barisin; Z. Milovanovic; V. Krliu, book of abstracts of the 3rd Annual International Conference on European Integration – Globalization of the Region: EU Perspectives as a Challenge, University American College Skopje
- *(2007) "Organizational Culture as a Driving Force in Modern Organizations"* - M. Bojadziev; V. Krliu, Conference proceedings of the 2nd Annual International Conference on European Integration – Bringing Europe In: Different Mechanisms of Europeanization, pp. 116-127, University American College Skopje, ISBN: 978-9989-2673-2-1
- *(2006) "Application of Herzberg Theory in the Emerging Market* – T*he example of Macedonia*" – M. Bojadziev; V. Krliu, Compilation of papers of the 1st Annual International Conference on European Integration – *Changes Arising from the EU Member Status*, Unviersity American College Skopje, ISBN: 978-9989-2673-0-7

**Д-р Ѓоко Стаменков** (1963) се стекнал со степен доктор на науки**,** по компјутерски науки на Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово во 2011 година со одбрана на докторската теза на тема: „Модел за осигурување на квалитетот на е-услуги„.

Според биографијата на кандидатот, МВА диплома, кандидатот има стекнато на City College во Солун, Грција на тема „Market potential and business environment for outsourcing IT services in Republic of Macedonia„ во 2005 година. За овој степен на образование, кандидатот нема поднесено соодветен доказ. Исто така, според буографијата на кандидатот, со степен дипломиран инжењер по информатичка технологија се стекнат на Електротехничкиот Факултетот при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје, Македонија во 1988 година. За овој степен на образование, кандидатот нема поднесено соодветен доказ.

Кандидатот има богато работно искуство кое започнува од 1988 година како системски инжењер во компанијата ОХИС од Скопје. Од 1990 до 1992 работел во Министерството за наука како системски инжењер. Од 1994 до 2009, кандидатот работел во АД Еуро Компјутери, компанија од Скопје како Инжењер и Менаџер. Во академската 2007/2008 година, кандидатот бил ангажиран како предавач на Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово, каде ги предавал предметите „Introduction to IP„ и „Advanced IP Networking„. Во академската 2009/2010 година, кандидатот бил ангажиран како предавач на МИТ Универзитетот во Скопје, за предметот „Computer Networks 2„. Од 2009 до 2011 година, кандидатот работел на проектот „Integrated Databases for Aliens, including asylum, immigration and visa„, прокет подржан од Министерството за

внатрешни работи, Минитерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија. Во академската 2010/2011 година, кандидатот бил ангажиран како предавач на Европскиот Универзитет за предметите „IP Network Design„, и „WAN Networks and Services„. Од 2011, кандидатот работел како консултат за повеќе компании како Nextsense, Integra Solutions, GPM Consulting, ITS Iskratel Telecommunication Systems Ltd., AAM Management Information Consulting Ltd., Mikasta doo. Во академската 2012/2013 кандидатот бил ангажиран како предавач на Универзитетот за Информатика Св. Апостол Павле во Охрид за предметот „Computer Organization„. Во моментов, кандидатот има ангажман како насловен доцент на Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово, и исто така е ангажиран како експерт за телекомуникациски услуги во Македонски телеком.

Во поглед на научно-истражувачката дејност, кандидатот до сега има објавено четири труда во меѓународни научни списанија и тоа:

- Stamenkov, Gjoko and Dika, Zamir (2016) “Bank employees internal and external perspectives on e-service quality, satisfaction and loyality”, Electronic Markets, vol. 26, Iss. 3, pp. 291-309
- Stamenkov, Gjoko and Dika, Zamir (2015) “A Sustainable E-Service Quality Model”, Journal of Service Theory and Practice (formerly, Managing Service Quality), Vol.25, Iss.4, pp. 414-442.
- Stamenkov, Gjoko and Dika, Zamir (2011) “The effects of ICT Capabilities on the Experience of Using E-Service in Banks,” Proceedings of the 2011 14$^{th}$ IEEE International Conference on Computer Science and Information Technology (IEE ICCSIT 2011)”, June 10-12, Chengdu, China. Published in International Journal of Computer Theory and Engineering, ISSN: 1793-8201, Vol.4, No.5, pp. 788-792, 2012.
- Stamenkov, Gjoko and Dika, Zamir (2010) “Integrated Model for Quality Assurance of ICT-based Services,” Proceedings of the 32$^{nd}$ International Conference on Information Technology Interfaces, June 21-24, Cavtat / Dubrovnik, Croatia, pp.495-500.

## ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научната активност на д-р Венера Крлиу-Ханџиски и д-р Ѓоко Стаменков, комисијата констатира дека кандидатот д-р Венера Крлиу-Ханџиски поседува најголемо наставно и научно-истражувачко познавање и покажува постојан и прогресивен стручен и научен развој.

Научно-истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната поширока област и проблематика којашто се однесува на областа за којашто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна и стручна активност на кандидатот д-р Венера Крлиу-Ханџиски, Комисијата оценува дека кандидатот ги исполнува предвидените законски и други услови согласно конкурсот, и му предлага на Советот на Институтот за претприемништво и лидерски развој, д-р

Венера Крлиу-Ханџиски да биде избрана за научен соработник од научна област менаџмент и организациски науки.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Марјан Бојаџиев,
2. Вон. Проф. д-р Миодрага Стефановска
3. Вон. Проф. д-р Илијана Петровска

**Р Е Ф Е Р А Т**
**за избор на истражувач од**
**научна област економија и маркетинг сите научни и соработнички звања**
**Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје**

Со одлука број 02-44/3 од 26.09.2016 година на Советот на Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје, определени сме за рецензентска комисија за избор на асистент истражувач во научната област економија и менаџмент.

Во врска со тоа, а по проучување на соодветната документација, го поднесуваме следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања од научна област економија и маркетинг, објавен на 01.09.2016 година во весникот „Утрински весник“ се пријави М-р Сабина Цвиткович.

Заедно со пријавата, кандидатот достави:
- Кратка биографија;
- Потврда за познавање на англиски јазик;
- Извод од матична книга на родени;
- Уверение за државјанство;
- Копија од дипломи за завршено високо образование

М-р Сабина Цвиткович (1978), средно образование посетувала во гимназиите „Никола Карев“ и „Јосип Броз Тито” во Скопје. Во 2007 година се запишала Загребската бизнис школа каде што се здобила со диплома од истата во област на маткетинг и комуникации по одбрана на дипломската работа со тема „Маркетинг комуникации во спортот“. Работи на позиции кои се поврзани со развој на промоција и маркетинг, а во 2013 г. се здобива со титула магистер по бизнис администрација со концентрација во маркетинг на Факултетот деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје. Магистерската работа е на тема „Познати личности во маркетинг кампањи и нивното влијание на одлуката за купување кај потрошувачите“. Кандидатката во 2014 г. почнала да следи докторски студии на Факултетот за општествени науки, Љубљански универзитет, а се очекува да докторира во 2017 г. рамки на тема Избор на политички идентитет и политички бренд .
Од 2004 - 2008 година работи во Dallas records Croatia - под лиценца на ЕМИ за Хрватска на позиција на менаџер за односи со јавноста што вкучува работни обврски во донема на односи со медиумите (АТЛ, BTL), организирање на прес-конференции и менаџмент на настани. Од 2002 - 2004 година стекнува работно

искуство на позоција маркетинг директор, на која и претходи функција на маркетинг раководител од 2001-2002. Во компанијата Plavi radio (Хрватска) таа се занимава со следните маркетинг области: планирање и раководството на одделот за маркетинг со цел да се исполнат целите на маркетинг план, целосна одговорност за развој и спроведување на годишни маркетинг планови, истражување на пазарот за програмите (радио слушаност), контрола на маркетинг буџетот, подготовка на нови производи (емитување), активности во соработка со главен и одговорен уредник и радиото, промоција (вклучувајќи ја и најдолгата радио емисија во 2013 година кандидат за Гинисовата книга на рекорди), спонзорства како и извештаи за маркетинг и промотивни активности наменети за Управниот одбор. Првото вработување го имала со маркетинг агенцијата Формица (Хрватска) од 2000 - 2001 во улога на закуп на медиумски простор.
Кандидатот има за цел да се ориентира кон истражување во следните области: интегрирани маркетинг комуникации, маркетинг комуникации, интердисциплинарен пристап кон маркетинг, рекламирање и други форми на маркетинг комуникација во контекст на идентитетот на клиентот, брендирање на земјата, политички брендирање и нација брендирање.

- **Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

М-р Цвиткович се наоѓа на почеток на истражувачката работа и има два труда кои чекаат на публикување од страна на издавачот, а учествувала на повеќе конференции, работилници и семинари од кои би ги издвоиле следните:

- 2016 Certificates of Achievement in Personal Branding, University of Virginia
- 2015 Certificate in Moral Foundations of Politics, Yale University

Кандидатот м-р Цвиткович членува и волонтира во повеќе професионални тела. Како позначајни можеме да ги издвоиме:

- 2010 – Член на Хрватска асопцијација за односи со јавност
- 2010 – Член на Меѓународна бизнис асоцијација за комуникатори
- 2010 – Член на Chartered Institute of Public Relations

Цвиткович има и големо влијание на општеството преку својот допринес во спортот, имено таа ги има освоено следните награди:

- Државен првак во атлетика на Храватска на (400m): 1993, 1994, 1995, 1996
- Европски јуниорски олимписки игри (Лондон, Англија) – 9. Место: (1994)
- Alpe Dunav Jadran Games – 1. место:1994
- Европски Куп (Луксембург) – 2. место: 1995

- **Вештини и знаење:**
    - Странски јазици: хрватски (мајчин јазик, одлично), англиски (одлично), германски (одлично) и македонски (средно ниво)

- Наставно научни и презентациски вештини во областите: бизнис комуникации, комуникациски вештини, маркетинг и промоција
- Возачка дозвола, работа со компјутер (MS Office ), Internet.
- Проектен маркетинг менаџмент

**ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научната активност на М-р Сабина Цвиткович, комисијата констатира дека кандидатот М-р Сабина Цвиткович поседува научно-истражувачко познавање и покажува постојан и прогресивен стручен и научен развој.

Научно-истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната поширока област и проблематика којашто се однесува на областа за којашто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна и стручна активност на кандидатот М-р Сабина Цвиткович, Комисијата оценува дека кандидатот ги исполнува предвидените законски и други услови согласно конкурсот, и и предлага на Матичната комисија на Институтот за претприемништво и лидерски развој, М-р Сабина Цвиткович да биде избрана во звањето асистент истражувач во научната област економија и менаџмент.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Марјан Бојаџиев,
2. Вон. Проф. д-р Миодрага Стефановска
3. Вон. Проф. д-р Илијана Петровска